| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Домашни птици |
| **Содржина на денот** | Еден, два, три |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Воочување на најтипичните промени кои настануваат при нарушување на здравствената состојба. Осознавање на факторите кои го зајакнуваат или нарушуваат здравјето. |
| **Активност** | Слушајте ја и пејте ја заедно со детето бројалката „Броенка” од музичкото CD „Авантурите на Лисичко и Калинка”.<br>https://www.youtube.com/watch?v=iEKqZ7Q6gvc<br>На тој начин ќе ја поттикнете љубопитноста на детето за броевите и броењето.<br>Потоа покажете му ја сликовницата „Трите прасиња” и преку набљудување на илустрациите прераскажувајте ја заедно, воочувајќи и именувајќи дека има три прасиња, три куќички итн.(слика 1,2).<br>Графички покажете му го на детето бројот 3 (слика 3).<br>Поставете на маса групирани предмети: 4 чаши, 2 тањира, 5 лажици, 3 вилушки и др. Побарајте да ви покаже и да го постави бројот 3 напишан на мал лист на оние групирани предмети каде што одговара (слика 4).Така ќе знаете дали детето умее да го поврзе бројот 3 со количеството предмети што му одговараат. Продолжете со игра: барајте да ви донесе 3 боички, 3 коцки итн. |